# АПЕЛ ДО ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# ПРИЈАВУВАЈТЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ!

**Почитувани граѓани,**

Ве известуваме дека согласно **Законот за даноците на имот** член 4, 7, 9 и 29:

-Даночните обврзници треба **најдоцна во рок од 15 дена** од стекнувањето со право на сопственост или користење на недвижен имот, да го пријават имотот за оданочување кај општинската администрација на Општина Гази Баба или администрацијата на Градот Скопје.

- Даночните обврзници се должни **најдоцна до 31 јануари** да поднесат даночна пријава за недвижен имот кој го поседуваат или користат, а кој не е пријавен за оданочување.

Обврзникот на данокот на имот кој поднел даночна пријава нема обврска за истиот имот да поднесе нова пријава, доколку нема промени во состојбата на имотот кои влијаат на висината на даночната обврска.

За откриениот, а непријавен недвижен имот предвидени се глоби за даночните обврзници согласно Законот за даноците на имот.

**Со цел олеснување на постапката за пријавување на недвижниот имот и неговите промени,** која е обврска на граѓаните и на правните лица како обврзници на данокот на имот, **Ве покануваме** вашите пријави да ги доставите во просториите на Општина Гази Баба, барака 5, соба 94. Пријавите исто така може да ги доставите и во просториите на Градот Скопје, барака 16, или пак електронски да ги поднесете преку порталот е-даноци на Град Скопје.

**Потребни документи кон пријавата се:**

**За физички лица (граѓани) -** фотокопија од имотен лист како доказ за сопственост, договор за плодоуживање или друг правен акт и лична карта на увид.

**За правни лица** – фотокопии од имотен лист и тековна состојба од Централен регистар

Одделение за администрирање на локални приходи

opstina@gazibaba.gov.mk

Контакт телефон +389 2 322 66 55

# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА




## Апел до даночните обврзници:

Ве повикуваме совесно и одговорно да ја исполните вашата законска обврска за плаќање на данокот на имот и комуналната такса.

Овие средства директно придонесуваат за подобрување на животот во нашата општина, обезбедувајќи поквалитетни јавни услуги за сите. Плаќањето данок на имот е должност на секој граѓанин-даночен обврзник и истовремено придонес за градење на подобра иднина на нашата општина.

Решенијата за данок на имот за 2024 година се навремено доставени од Градот Скопје до сите даночни обврзници. Доколку немате добиено решение за 2024 година обратете во просториите на Општина Гази Баба, барака 5, соба 94. На web страницата на Град Скопје WWW.SKOPJE.GOV.MK може да го проверите вашиот имот и финансиската картица. Укажуваме дека уплатата на даночната обврска можете да ја извршите директно на шалтерите на деловните банки со поднесување на решението или преку електронскиот сервис за плаќање на Град Скопје – **DanociEPay**. Заедно можеме повеќе!

**Почитувани граѓани!**

Со подмирување на данокот на имот и комуналната такса, ќе добиеме:

- Подобри улици
- Поквалитетно осветлување
- Подобри услови за бизнис заедницата и нови вработувања
- Посовремени училишта
- Збогатени содржини за нашите пензионери

Одделение за администрирање на локални приходи

opstina@gazibaba.gov.mk

Контакт телефон +389 2 322 66 55

# ОПТИНА ГАЗИ БАБА

## ПОТСЕТУВАЊЕ ДО ГРАЃАНИТЕ И ПРАВНИТЕ ЛИЦА ЗА ПОДМИРУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ИМОТ И КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Ги повикуваме даночните обврзници кои имаат заостанат и неплатен долг што произлегува од Законот за даноците на имот и Законот за комунални такси, неодложно да ги подмират своите обврски.

Како што неодамна извести Град Скопје, во согласност со обврските кои произлегуваат од двата закони започнува постапка за присилна наплата на неплатените обврски по основ на годишниот данок на имот за **2021** година и комуналната такса - фирмарина за 2021, 2022 и 2023 година, со забрана на користење средства.

Секое физичко или правно лице има достапен увид во неговата финансиската картичка електронски преку веб страницата на Градот Скопје (е-даноци) или лично во просториите на Град Скопје, барака **16,** секој работен ден од **07:30** часот до **19:00** часот.

Со цел да се избегнат непотребни блокирања на сметките, граѓаните по добивање на решенијата за присилна наплата доколку забележат неправилности, истите треба да ги пријават на е-даноци порталот на Град Скопје, или преку одделот за пријавување на проблеми (http://gragjani.skopje.gov.mk/korisnik/), како и преку телефонските контакти:

За данок на имот: 072/204-434, 02 3297-316, 02 3297-539, 02 3297-280 и 02 3207-546.

За комунална такса-фирмарина: 02 3297-314.

За присилна наплата: 02 3297-296 и 02 3297-298.

Сите даночни и таксени обврзници кои немаат платено данок на имот и комунална такса – фирмарина за изминатите години неопходно е неодложно и веднаш да ги подмират своите обврски.

**„Мојот данок, за мојата општина“**